**м-р Тихомир Јовиќ**
**Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје**

# ПОЛИФОНИЈАТА ВО ЕДЕН СЕГМЕНТ ОД ТВОРЕШТВОТО НА ТОМА ПРОШЕВ СОЗДАДЕНО ВО ПЕРИОДОТ ОД 1960 - 1980 ГОДИНА

**Клучни зборови:** полифонија , Тома Прошев



***Тома Прошев***

Тома Прошев (Скопје, 10.10.1931 - 12.9.1996, Зларин, Република Хрватска) е несомнено најплодната творечка фигура во македонската музика во втората половина од XX век. Во неговиот опус, кој ги опфаќа скоро сите музички жанрови, се застапени разновидни музички форми, од најмали до најкрупни. Како основач и раководител на камерниот ансамбл *Света Софија* одигрува значајна улога за афирмацијата на македонската современа музика во земјава и во странство. Во разгледуваниот дваесетгодишен период опусот на Прошев брои 109 дела, од кои најмногу (12) се создадени во 1963 година.

| **Година** | **Дела** |
|---|---|
| 1960 | 2 |
| 1961 | 3 |
| 1962 | 2 |
| 1963 | 12 |
| 1964 | 9 |
| 1965 | 11 |
| 1966 | 2 |
| 1967 | 8 |
| 1968 | 4 |
| 1969 | 2 |
| 1970 | 2 |
| 1971 | 5 |
| 1972 | 4 |
| 1973 | 6 |
| 1974 | 3 |
| 1975 | 4 |
| 1976 | 7 |
| 1977 | 2 |
| 1978 | 5 |
| 1979 | 8 |
| 1980 | 8 |
| **Вкупно** | **109** |

Табела бр. 1 Фреквентна дистрибуција на делата според годината на создавање во периодот од 1960 - 1980 година

Од вкупниот број создадени дела во овој период, достапни за нашето истражување беа 26 дела, од кои во 16 се јавува полифонија. За едно од делата пронајдени во процесот на истражувањето тука не можеме да коментираме за присуство на полифонија поради некомплетната партитура.

| Дела | Број | Број на ставови (чинови) | Снимки |
|---|---|---|---|
| *Концертантна музика* | 1 | 3 | Да |
| *Концертантни импровизации* | 1 | 3 | Да |
| *Концерт бр. 1* | 1 | 3 | / |
| *Темпера II* | 1 | 1 | Да |
| *Света Софија Охридска* | 1 | 6 | / |
| *Бои* | 1 | 11 | / |
| *Темпера III* | 1 | 1 | / |
| *Темпера IV* | 1 | 1 | / |
| *Темпера V* | 1 | 1 | / |
| *Симфонија бр. 2* | 1 | 3 | / |
| *Темпера VII* | 1 | 1 | / |
| *Аретеј (опера)* | 1 | 3 | / |
| *Темпера VIII* | 1 | 1 | / |
| *Мусандра IX* | 1 | 1 | Да |
| *Симфонија бр. 3* | 1 | 3 | Да |
| *Концерт бр. 2* | 1 | 3 | Да |
| **Вкупно** | **16** | **45** | **6** |

Табела бр. 2 Фреквентна дистрибуција на достапните дела (број на ставови/чинови и снимки) во кои се јавува полифонија

Од достапните дела во кои се јавува полифонија, 9 претставуваат циклични форми (една опера) чиј вкупен број на ставови и чинови е 38, додека, пак, 7 дела се напишани во 1 став. Сите ставови и чинови во кои се јавува полифонија и делата во 1 став, формираат истражувачки корпус од 36 единици во кои е употребена полифонија.

| Полифони форми | Број |
|---|---|
| *Самостојни* | 0 |
| *Став од циклични форми* | 0 |
| **Полифон слог во рамки на дела (ставови/чинови) кои претставуваат други музички форми** | |
| *Имитациска полифонија* | 1 |
| *Неимитациска полифонија* | 21 |
| *Комбинирана полифонија* | 14 |
| **Вкупно** | **36** |

Табела бр. 3 Фреквентна дистрибуција на истражувачките единици според видот на полифонија

*Концертантна музика* за виолончело и гудачки оркестар од 1960 година претставува композиција работена во неокласичен стил, составена од 3 става.[1]

1. *I став* - темпо *Adagio* (*Moderato*), такт 2/4, времетраење: cca. 6' 30".
2. *II став* - темпо *Adagio*, такт 4/4, времетраење: cca. 6'.
3. *III став* - темпо *Allegro*, такт 3/4, времетраење: cca. 3' 30".

---

1 Времетраење: cca. 16'. Година на печатење: ДКМ, 1978.

Во рамките на првите 2 става од делото е присутно слободно контрапунктирање на мелодиски линии, односно неимитациска полифонија, додека во третиот став се јавува комбинирана полифонија. Имено, покрај неимитациска полифонија, се забележува и еден краток фрагмент со слободно имитациско спроведување во стрета на тематскиот материјал.




Пример бр. 1 *Концертантна музика* - III став (70 - 79 такт)

Стилски идентична е композицијата *Концертантни импровизации* за виола и гудачки оркестар од 1961 година.[2] Цикличната форма содржи 3 става.

1. *I став* - темпо *Adagio* (*cantabile*), такт 4/4, времетраење: cca. 7'.
2. *II став* - темпо *Grave*, такт 3/4, времетраење: cca. 4'.
3. *III став* - темпо *Allegro*, такт 3/4, времетраење: cca. 3' 30".

Во основа, делото е работено по принципите на хомофониот слог. Полифон слог се јавува пред кодата од третиот став каде што основниот тематски материјал се разработува во вид на стрето имитација (од 93. такт).

Од 1963 година датира *Концертот бр. 1* за виолина и оркестар.[3] Полифониот слог е основен принцип на организација на музичката материја во ова дело. Во трите става авторот применува комбинирана (имитациска и неимитациска) полифонија.

---

[2] Времетраење: cca. 14' 30". Година на печатење: ДКМ, 1964.

[3] Година на печатење: ДКМ, 1971.

1. *I став* - темпо *Allegro moderato*, такт 3/4.
2. *II став* - темпо *Adagio*, такт 7/4.
3. *III став* - темпо *Allegro* (♩ = 132), такт 6/8.




Пример бр. 2 *Концерт бр. 1* - I став (27 - 35 такт)

Неимитациска полифонија може да се забележи во рамките од ставот на композицијата *Темпера II* за гудачки оркестар од 1964 година.[4]

На текст од Анте Поповски, во периодот од 3.11.1966 - 8.11.1966 година Прошев ја пишува композицијата *Света Софија Охридска* за тенор и гудачки оркестар.[5] Ова вокално - инструментално дело содржи 6 става.

1. *I став* - темпо *Adagio*, такт 3/4, времетраење: cca. 7’ 30”.
2. *II став* - темпо *Allegro* (♩ = 120), такт 4/4, времетраење: cca. 3’.
3. *III став* - темпо *Moderato*, такт 4/4, времетраење: cca. 4’ 30”.
4. *IV став* - темпо *Lento*, такт 3/2, времетраење: cca. 6’.
5. *V став* - темпо *Allegro moderato* (♩ = 60), такт 6/4, времетраење: cca. 5’ 30”.
6. *VI став* - темпо *Andante*, такт 4/4 (*Allegretto*, 6/8), времетраење: cca. 8’ 30”.

---

[4] Темпо: *Adagio*. Такт: 5/4. Времетраење: cca. 8’. Година на печатење: ДКМ, 1971.

[5] Времетраење: cca. 35’. Партитура: оригинален ракопис на авторот.
Забелешка: Авторот ја напишал композицијата во чест на својот 35. роденден.

Генерално, во рамките на цилкичната форма се применува комбинирана полифонија и тоа:

1. *I став* - комбинирана (имитациска и неимитациска) полифонија.
2. *II став* - неимитациска полифонија.
3. *III став* - комбинирана (имитациска и неимитациска) полифонија.
4. *VI став* - комбинирана (имитациска и неимитациска) полифонија.



Пример бр. 3 *Света Софија Охридска* - I став

Цикличната вокално - инструментална творба *Бои* за сопран, алт, тенор, бас, женски и машки рецитатор и камерен оркестар е создадена во периодот од 1.6.1967 - 20.6.1967 година во Загреб.[6] Делото, кое е работено според начелата на алеаториката, е составено од 11 става: 1. *Црно*, 2. *Смеѓо*, 3. *Жолто*, 4. *Златно*, 5. *Црвено*, 6. *Зелено*, 7. *Виолетово*, 8. *Модро*, 9. *Плаво*, 10. *Сиво*, 11. *Бело*. Што се однесува до примената на полифонија во делото, може да се каже дека во рамките на првиот (*Црно*), третиот (*Жолто*), четвртиот (*Златно*), петтиот (*Црвено*), шестиот (*Зелено*), седмиот (*Виолетово*), деветиот (*Плаво*) и единаесеттиот став (*Бело*) се забележуваат елементи на неимитациска полифонија, која произлегува како резултат на истовремено звучење (контрапунктирање) на поедини мелодиски линии, а притоа траењето на тоновите не е точно определено (полифона, линеарна алеаторика).

[6] Текст: Енвер Чолаковиќ. Јазик: хрватски. Времетраење: cca. 30'. Година на печатење: ДКМ, 1968. Забелешка: Изданието е фотокопија од оригиналниот ракопис на авторот.




<u>Пример бр. 4</u> *Бои* - *I Црно*




Пример бр. 5 *Бои - III Жолто*

Композицијата *Темпера III* за симфониски оркестар од 1968 година „ ... претставува импозантен блок од густ звук со силна градација што се состои од множество паралелни импресивни линии“ (Ортаков, 1982: 171).[7] Во рамките на симфонискиот став се јавуваат делови во кои самостојно контрапунктираат мелодиски линии и образуваат како неимитациска, така и имитациска полифонија.

---

[7] Темпо: *Adagio*, такт 4/4 (*Allegro*, ♩ = 120). Времетраење: cca. 8’ 30”. Година на печатење: ДКМ, 1969.




<u>Пример бр. 6</u> *Темпера III* (56 - 66 такт)

Во 1969 година Прошев реализира уште една композиција од циклусот со ист наслов *Темпера*. *Темпера IV* претставува композиција за гудачки оркестар во еден став во чии рамки авторот применува полифон слог од комбиниран вид (слободна имитација и слободен контрапункт).[8]

Следната година (1970) е создадена *Темпера V* за четири вокални солисти (сопран, алт, тенор, бас) и гудачки оркестар. Во оваа композиција, во која солистите сами ги

[8] Темпо: *Adagio*. Такт: 4/4. Година на печатење: ДКМ, 1971.

избираат вокалите под нотниот текст, „ … солистичките вокализми во уводот без инструментална придружба, потсетуваат на мадригалскиот стил, предаден во еден современ звучен амбиент” (Ортаков 1982: 142). Доминантен принцип на организација на музичката материја во ставот е полифон слог, конкретно неимитациска полифонија.[9]




<u>Пример бр. 7</u> *Темпера V* (1 - 11 такт)

*Симфонијата бр. 2* за гудачки оркестар, напишана во периодот од 30.7.1971 - 18.8.1971 година, претставува циклична форма од 3 става.[10]

1. *I став* - темпо *Adagio* (♩ = 50), такт 4/4, *Allegro moderato*, 4/2 - 𝅗𝅥 = 60 (4/4 - ♩ = 120).
2. *II став* - темпо *Adagio* (♩ = 40), такт 4/4.
3. *III став* - темпо *Allegro* (♩. = 100), такт 6/8.

„Во детално разработената оркестарска фактура, сите линии на „дивизираните“ гудачи се испишани во целост со традиционална нотација, но одделни фрагменти (особено во првиот став) оставаат впечаток на алеаториска импровизација

9 Темпо: *Adagio*. Такт: 4/4. Година на печатење: ДКМ, 1971.
10 Година на печатење: ДКМ, 1978.
<u>Забелешка</u>: изданието е фотокопија од оригиналниот ракопис на авторот.

на интерпретаторите“ (Ортаков 1982: 169). Во трите става од делото може да се забележи примена на комбинирана (имитациска и неимитациска) полифонија.

*Темпера VII* за гудачи и ударни инструменти, 1972, претставува став во умерено темпо (*Moderato*, ♩ = 60, такт 4/4), во чии рамки се јавува фрагмент во гудачкиот оркестар (виолина 1, 2 и виола) каде што мелодиските линии се водени во слободен контрапункт.[11]

Истиот принцип, слободно контрапунктирање на одредени мелодиски линии, е применет и во фрагменти од ставот на *Темпера VIII* за три флејти и гудачки оркестар, композиција пишувана во периодот од 14.10.1973 - 30.10.1973 година.[12]

Според истоименото дело од Мирослав Крлежа, Прошев ја пишува операта (музичка драма) во 3 чина *Аретеј* за солисти, мешан хор и симфониски оркестар.[13] Во ова музичко - сценско дело полифонијата не е примарен принцип на организација на музичката материја. Таа се јавува само фрагментарно, во вид на полифонизација на хомофониот слог, односно во вид на неимитациска полифонија.

Композицијата *Мусандра IX* за клавирско трио (виолина, виолончело и пијано) е создадена во периодот од 21.3.1976 - 23.3.1976 година во Игало. Камерната творба се изведува *Ad libitum*, со напомена на авторот дека должината на нотните вредности е релативна. Во рамките на ставот може да се забележи појава на комбинирана полифонија.[14]

*Симфонијата бр. 3* за симфониски оркестар е напишана исто така во Игало, во периодот март - април 1976 година.[15] Композицијата има 3 става.

1. *I став* - темпо *Allegro moderato*, такт 4/4, времетраење: cca. 9’.
2. *II став* - темпо *Adagio* (𝅗𝅥 = 54), такт 4/2, времетраење: cca. 9’.
3. *III став* - темпо *Allegro* (𝅗𝅥 = 60), такт 2/2, времетраење: cca. 8’ 30”.

Во првиот став од симфонијата (сонатна форма) има обемна примена на полифонија од комбиниран вид. Уште при спрведувањето на првата тема низ оркестарската фактура во експозицијата, се применува неимитациска полифонија.

Примерот кој ќе го издвоиме од првиот став е настапот на втората тема во гудачите во репризата. Значајно е да се посочи тоа дека втората, инаку примарна тема на симфонијата, е „ ... исткаена од мелодиски фрагменти и варирања на македонската народна песна *Татунчо*” (Ортаков, 1982: 170).

---

[11] Делото може да се изведува во две верзии: а) со гудачки квартет, б) со голем гудачки оркестар. Година на печатење: ЗКМ, 1982.

[12] Темпо: *Andante*. Година на печатење: ЗКМ, 1983.
Забелешка: Изданието е фотокопија со слаб квалитет од оригиналниот ракопис на авторот.

[13] Операта е пишувана во периодот од 28.7.1972 - 20.8.1972 година.
Забелешка: Изданието (1976) е фотокопија од оригиналниот ракопис на авторот.

[14] Времетраење: cca. 4’.

[15] Времетраење: cca. 26’ 30”. Година на печатење: ЗКМ, 1984.
Забелешка: Изданието е фотокопија од оригиналната партитура на авторот.




Пример бр. 8 *Симфонија бр. 3*, *I став - реприза* (втора тема, гудачки оркестар)

*Концертот бр. 2* за виолина и гудачки оркестар, 1976, содржи 3 става.[16]

1. *I став (Пролог)* - темпо *Adagio*, такт 4/4, времетраење: cca. 7' 30".
2. *II став* - темпо *Allegro*, такт 9/8, времетраење: cca. 5' 30".
3. *III став* - темпо *Andante*, такт 3/4, времетраење: cca. 5'.

Карактеристично за сите ставови на делото е што во нивните рамки се јавува полифон третман (неимитациска полифонија) на музичката материја.

Тома Прошев е еден од најзначајните композитори во македонската музичка историја, еден од музичките творци што ги поставија темелите на современата

[16] Времетраење: cca. 18'. Година на печатење: ЗКМ, 1982.
Забелешка: Делото е посветено на виолинистот Божидар Братоев.

композиторска школа на македонска почва. Со своето делување успеа да ја доближи македонската музичка авангарда кон современите европски и светски текови. Во композициите кои беа предмет на нашето истражување полифонијата, пред сè, се јавува како неимитациска, но и како полифонија од комбиниран вид (имитациска и неимитациска). Иако не забележавме полифона форма, несомнено е дека „полифонијата е основната компонента во делата на Тома Прошев. Со оглед дека мелодиските линии се движат и надвор од тоналните и модалните структури, нивната комуникација е остварена со комплементарно воден ритам и спротивно на водените гласови. Комплементарноста којашто натаму се пренесува и врз другите фактори на композицијата во многу ја остварува целосноста и стабилноста на делото” (Прошев, 1986: 198).

Прошев е добитник на завиден број награди и признанија меѓу кои тука ќе ги издвоиме: *4 Јули*, *11 Октомври*, *13 Ноември*, *Панче Пешев*.

Цитирана литература:

Ортаков, Драгослав. *Музичката уметност во Македонија*. Скопје: Македонска ревија, 1982.

Прошев, Тома. *Современа македонска музика*. Пула: Истарска наклада, 1986.

**Summary**

It is beyond any doubt that Toma Proshev is one of the most significant composers in the Macedonian Music history, one of the musical authors who have set the foundations of the contemporary composing school on Macedonian soil. With his work, he succeeded in approximation of the Macedonian musical avangarde to the contemporary European and global trends.

We did not notice any polyphonic form in the work which was a subject of our research. On the other hand, it is evident that the polyphonic syllable as a principle of organization of the music matter is a basic component in most of the works of this composer. The polyphony, above all, appears as a constructive composition - technical principle, most frequently realized in accordance with the principle of the so called non-imitation polyphony.